РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2638/5

20-07-2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на продолжението на 31 -та седница одржано на 16.07.2020 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката по предметот со број 12-2638/1 од 08.05.2019 година оформен по пријавата поднесена на 08.05.2019 година од непознат подносител, во врска со наводи за сомневање за незаконитости сторени на 4 мај 2019 година во 10 часот наутро, еден ден пред денот на одржување на вториот круг на претседателските избори 2019 година, во врска со изведување на градежни работи - санација на решетки на улицата "Јордан Стојанов"-Пробиштип.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-2638/1 од 08.05.2019 година, од причина што **наводите во пријавата не се потврдени и се неосновани**.

Предметот да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-2638/1 од 08.05.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител (анонимна пријава).

Во пријавата се укажува на сомневање за незаконитости сторени на 4 мај 2019 година во 10 часот наутро, еден ден пред денот на одржување на вториот круг на претседателските избори 2019 година, во врска со изведување на градежни работи - санација на решетки на улицата "Јордан Стојанов"-Пробиштип.

Во насока на проверка на наводите во пријавата и утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК упати Барање за прибирање податоци и информации со број 12-2638/3 од 14.05.2019 година со кое побара од Градоначалникот на општина Пробиштип да достави целосна информација за тоа дали изведувањето на градежните работи-санација на решетки на улицата "Јордан Стојанов"-Пробиштип е предвидено во Годишната програма на општината Пробиштип за 2019 година, дали претходно е спроведена постапка за јавна набавка за изведување на градежни работи и истата е планирана во Планот за јавните набавки на општината за 2019 година и дали се обезбедени финансиски средства за таа намена.

Од Градоначалникот на општина Пробиштип беше доставен Одговор - доставување на податоци и информации со број 12-2638/4 од 28.05.2019 година.

Од направениот увид во наводите во пријавата и доставениот одговор со приложените документи, ДКСК ја констатира следната фактичка состојба:

- Изведувањето на градежните работи – одржување на објекти сопственост на општина Пробиштип се врши сукцесивно во зависност од потребата за нивно одржување во текот на целата година. Нивното одржување е предвидено во Годишните програми на Општина Пробиштип за 2018 и 2019 година и тоа во Програмата за изградба и одржување на општинските патишта и улици во 2018 година бр. 26-851/13 од 01.12.2017 година и Програмата за изградба и одржување на општинските патишта и улици во 2019 година бр. 26-1032/4 од 30.11.2018 година и се предвидени во Годишните планови за јавни набавки во 2018 и 2019 година. Во рамките на споменатите објекти од областа на инфраструктурата спаѓаат и решетки на ул. "Јордан Стојанов" во Пробиштип, кои биле оштетени подолго време, нивна санација започнала уште на 19.04.2019 година.
- Од Општина Пробиштип во тековната 2018 година бил објавен оглас за избор на изведувач на работи за одржување на објекти од инфраструктура во сопственост на Општина Пробиштип за 2018 година со оглас број 23-342/3 од 23.03.2018 година, а врз основа на одлука број 08-342/1 од 22.03.2018 година. По спроведената постапка за јавна набавка, општина Пробиштип склучила договор со избраниот економски оператор ДГТУ"ЕВРО-ГРАДБА ИНЖЕНЕРИНГ"ДООЕЛ с.Владевци, Василево на ден 07.05.2018 година заведен под број 08-342/5 со времетраење од 1 (една) година.

Од спроведната постапка за утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите содржани во пријавата и преземените конкретни дејствија, ДКСК констатира дека предметните градежни активности се предвидени во Годишните програми на општина Пробиштип за 2018 и 2019 година и Годишните планови за јавни набавки за општина Пробиштип за 2018 и 2019 година, за реализацијата на предметните градежни работи се планирани и обезбедени финансиски средства во буџетот на општината и спроведена била постапка за јавна набавка за избор на изведувач на градежните работи. Имајќи го во предвид сето наведено, ДКСК констатира дека со реализација на предметните градежни работи (санација на решетките) не се прекршени одредбите од членот 8-а став 1 алинеа 1 од Изборниот законик и членот 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради што наводите во пријавата не се потврдени и се неосновани.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р Ирена Поповска

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk